# ХИПЕРРЕАЛНИ ВИРУСИ

**(КОН ДЕЛАТА ПРЕЗЕНТИРАНИ НА ПРВАТА ГОДИШНА ИЗЛОЖБА НА СОРОС ЦЕНТАРОТ ЗА СОВРЕМЕНИ УМЕТНОСТИ – СКОПЈЕ „IMAGE BOX“ ВО КУЛТУРНИОТ ЦЕНТАР „МАЛА СТАНИЦА“)**

„Ние се наоѓаме во културата на озраченост на телото и духот со знаци и слики, и ако таа култура произведува најубави ефекти, како тогаш се чудиме што таа исто така произведува и најсмртоносни вируси?“

Овие зборови на Жан Бодријар како да произлегуваат од делото „потенција, девијација, акт“ што **Жанета Вангели** го изложи на изложбата „Кутија со слики“: тоа се однесува токму на културата под влијание на „супер-проводничките“ настани. Змијата што се протега на екраните поставени меѓу телевизорите што емитуваат ТВ програма како да го претставува вирусот што истовремено е израз на смртоносната транспарентност на информацијата, но и на хиперлогичноста на системите (на крај, дел од змиската кожа фрактално метастазира).

Информатичките вируси всушност нè заштитуваат од вистинската катастрофа која би значела сеприсутност на сите мрежи и медиуми исто како што и голем број од другите изложени дела (иако пријавени на конкурсот за дела што применуваат нови медиуми), нè предупредуваат на опасноста од нивна апологетска промоција (со исклучок на „Фракталите“ на **Драган Михајлов** што претставува демонстрација на еден веќе застарен програм без некоја концептуализирана оправданост).

Најдиректна критичка дискурзивност е содржана во делото „Видеослајдови: слајдови, филтри, талисмани“ на **Јован Шумковски во кое сликарството метафорички е претставено како филтер-талисман (вирус) што треба да ги спречува влијанијата на техно-културата. Во „Пантеонот“ на Благоја Маневски** улогата на медиумската слика иронично е спроведена со моќната архитектура на боговите, а **Антонио Мазневски** ја преиспитува есхатолошката димензија на „кутијата со слики“ на екранот „испишувајќи“ ја автореференцијалната медиумска порака „The End“.

**Александар Станковски** со својата „капела за халуцинации“ создаде еден вид Gessamtkunstwerk – тотално уметничко дело во кое во синергија се поставени цитати од политичко, научно, еколошко, еротско и креативно потекло емитувани од различни медиуми: објектот-медиумот всушност го манипулира субјектот-параноик што мисли дека го поредил хаосот. За **Игор Тошевски** електронскиот медиум има седукативна, но и деперсонализациска моќ: го фрагментира телото и идентитетот. Текстурата и крупнозрнестата фотографија и видео-сликата му послужила на **Роберт Јанкулоски** да ја компарира структуралната фрагментација на телото со електронската информација. Ликовните и видео структурите се испреплетуваат во делото „Атман“ на **Венко Цветков** во континуитет со неговите претходни проекти.

Кај **Златко Трајковски** електронското одбројување зборува за една пророчка, но и апокалиптична интерпретација на медиумски посредуваниот ритуал. И во делата на **Мирослав Стојановиќ – Шуки** („Свети...“) и на **Искра Димитрова** („Magna Mater Deorum“) се испреплетува сакралното (било христијанското или паганското) и технолошкото, а вернакуларното и цивилизациското, но без тематизација на самиот медиум (кој кај Стојановиќ дури е и прикриен). Кон наративна или документарна функција на видеото, како надополнување на објектите кои просторно функционираат како заокружени целини прибегнале авторите кои не ја измениле сопствената поетика: **Анета Светиева** со својата инсталација „Турско купатило“ во кое, во скулптурите на крокодилот и мрежестата жена, е синтетизиран стравот од непознатото Друго и прималната сцена, и **Богдан Грабулоски и Виолета Блажеска** чие стакло што ја исцртува својата сенка врз подот беше најстилизираното дело на оваа изложба.

За разлика од делата кои произлегоа од веќе дефинирани ликовни и скулпторски поетики, делото на **Драган Абјаниќ** директно го внесе електронскиот вирус на изложбата, било преку промоцијата на „телевизија во телевизија“, било со носталгичното навраќање на PSL82 (најстариот вирус). ПОРАКА ЗА CUBER просторот на интерактивното дело на **„Архимедијала“ всушност, синтетички и синестетички експеримент: Ако изложбата „Image Box“ и беше замислена како симулација на непостоечката интермедијална сцена, сега таа станува хиперреална: „видео-ироничните“ вируси не можат да се контролираат.**

**Сузана МИЛЕВСКА**